МАКЕДОНИЈА

Лишени од слобода две лица во скопско Рашче, пукале на семејна веселба

Полицијата синоќа по претходна пријава за слушнаните истрели во село Рашче лишила од слобода две лица од истото село кои пукале на свадба.

Прегледи:
172

Објавил:
07 август 2025, 10:40

Сподели
Сподели

-Во село Рашче, скопско, полициски службеници од ПС Ѓорче Петров ги лишија од слобода Е.К. и Б.К. од с. Рашче. Околу 22 часот во СВР Скопје е пријавено дека се слушаат истрели во селото, по што веднаш се преземени соодветни мерки и активности и утврдено е дека Е.К. и Б.К. со гасни пиштоли пукале на свадба, информираат денбеска од МВР.

Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

Тагови: пукање

НАЈВАЖНИ ВЕСТИ



Спикерот Гаши ги распиша локалните избори
15:07

Гаши ги распиша локалните избори на 19 октомври
14:10

Претседателот на Собранието се очекува да ги распише локалните избори
09:04

24 години од масакрот кај Карпалак
15:00

Дваесет и четири години од загинувањето на армиските резервисти кај Карпалак
08:29

Нашиот сајт користи колачиња (cookies). Со продолжување на користење на сајтот или со кликнување на "Се согласувам, се согласувате да зачувуваме колачиња со цел да го подобриме вашето искуство на сајтот и тоа: неопходни колачиња, претпочитани, статистички, маркетиншки, колачиња за перформанси и функционалност и колачиња од социјални медиуми. Некои од овие колачиња се поставени од надворешни провајдери (трети страни). Повеќе инфо

Поставки за колачиња Се согласувам

ТЕХНОЛОГИЈА

Кина лансираше ракета со 11 сателити

Кина денеска успешно лансираше нова ракета „Смарт Драгон-3" со 11 сателити од соѕвездието „Цили-04" на кинеската приватна компанија за производство на автомобили „Цили" и производителот на автомобили „Волво", објавија кинеските медиуми.

Прегледи:
158

Објавил:
Administrator

09 август 2025, 19:58

Сподели
Сподели

Лансирањето на ракетата е извршено од платформа во морето во близина на градот Рижао на брегот на Жолтото Море, во покраината Шандонг, објави порталот China.org.cn.

Како што соопшти кинеската Национална вселенска агенција, тоа е шести лет на ракетата од семејството ракети Драгон.

Тагови: Кина ракета

ПРЕТПЛАТЕТЕ СЕ НА НАШИОТ NEWSLETTER

E-маил

Претплатете се

МАКЕДОНИЈА

ДИК го утврди упатството за утврдување на цените за платено политичко рекламирање во медиумите за локалните избори

Ценовниците за платено политичко рекламирање медиумите се должни да ги применуваат за време на изборната кампања и не смеат да се менуваат до конечното завршување на изборниот процес.

Прегледи:
209

Објавил:
Administrator

09 август 2025, 19:52

Сподели
Сподели

Државната изборна комисија (ДИК) го утврди упатството за начинот и постапката на утврдување на просечно постигнатата цена и најниска цена за платено политичко рекламирање на радиодифузери, печатени медиуми, електронски медиуми и интернет портали кои не учествувале на последните пет изборни циклуси.

Радиодифузери, печатени медиуми, електронски медиуми и интернет портали се должни во рок од пет дена од денот на распишувањето на изборите да утврдат ценовници за платено почитичко рекламирање на учесниците во изборниот процес, односно најдоцна до 14 август до 24 часот.

Ценовниците за платено политичко рекламирање медиумите се должни да ги применуваат за време на изборната кампања и не смеат да се менуваат до конечното завршување на изборниот процес.

Светлана Карапетрова, на денешната 128. седница на ДИК информира дека при утврдување на просечната постигната цена за платено политичко рекламирање од страна на телевизиите, радијата и печатените медиуми во Република Северна Македонија, ДИК ќе ја потврди просечната цена која не треба да ја надминува вкупната просечна цена на рекламирање на секоја телевизија, радио или печатен медиум одделно, пресметана во петте изборни циклуси одржани на територијата на територијата на целата држава и тоа претседателските избори во 2024 и 2019 година, парламентарните избори 2024 година, локалните избори 2021 година, како и предвремените парламентарни избори во 2020 година.

- Просечната цена по секунда за едно денонќие добиена според различни ценовно рекламни периоди и тоа: период 1 (од 0 до 8 часот), период 2 (од 8 до 16 часот) и период 3 од (16 до 24 часот) кај радиодифузерите за платено политичко рекламирање, како и цената за закуп на рекламен простор во печатен медиуми да не ја надминува вкупната просечна цена на рекламирање на секој радиодифузер одделно пресметана во последните пет изминати изборни циклуси одржани на ниво на цела територија на републиката, а за електронските медиуми и интернет порталите цената за закуп на рекламен простор за платено политичко рекламирање да не ја надминува просечнат цена за рекламирање пресметана во последните пет изминати изборни циклуси, информираше Карапетрова.

За телевизиите кои се регистрирани во регистарот на ДИК кои учествувале во последните пет изборни циклуси одржани на целата територија на државата просечната цена ја утврди ДИК и истата со одлука не може да биде повисока од 0,94 евра, односно 58,04 денари по една секунда по рекламен простор.

За радијата кои се регистрирани во регистарот на ДИК, а кои не учествувале во последните пет изборни циклуси просечната цена ја утврди ДИК и со одлука на истата не може да биде повисока од 0,30 евра, односно 18,85 денари за една секунда, изјави Карапетрова.

За печатените медиуми, кои се регистрирани во регистарот на ДИК, а не учествувале во последните пет изборни циклуси ДИК ја утврди цената која не може да биде повисока од 370,84 евра, односно 22 878,98 денари за една внатрешно црно бела страна, односно 421,422 евра или 25 999,5 денари за една внатрешна страна во боја.

За електронските медиуми и интернет порталите цените за закуп на рекламен простор на интернет порталот за платено политичко рекламирање не смее да ја надминува просечната цена од рекламирањето во последните пет изборни циклуси.

Согласно член 76, став 6 од Изборниот законик сумата која може да се исплати на еден печатен медиум, електронски медиум или интернет портали од страна на еден учесник во изборниот процес не може да биде поголема од 15 илјади евра, во денарска противвредност.

Медиумите имаат право да извршат регистрација најдоцна три дена од распишувањето на изборите, односно до 12 август до 24 часот. Регистрацијата на медиуми може да се направи на посебен службен мејл на ДИК објавен на веб-страницата или непосредно во архивата на Државната изборна комисија.

ДИК е должна да ги потврди и објави на веб страната ценовниците во рок од десет дена од истекот на рокот за доставување.

Од вкупниот буџет предвиден за претстојните локални избори кој изнесува околу 9,7 милиони евра, повеќе од 2/3 се за платено политичко рекламирање.

Претседателот на ДИК, Борис Кондарко нагласи дека законските рокови поврзани со медиумите се реалтивно кратки – три дена за регистрација и пет дена за достава на ценовниците.

-Има рокови, евентуално за исправа на технички грешки. Сето тоа ќе го имаме во предвид, меѓутоа медиумите да имаат доволно време да ги подготват документите, изјави Кондарко.

Одговарајќи на новинарско прашање за регистрацијата не медиумите, Кондарко појасни дека ДИК постапува согласно член 75Г, точка 7 од Изборниот законик, според кој „регистарот на радиодифузери, печатени медиуми, електронски медиуми и интернет портали се води врз основа на поединечно барање за упис до ДИК со прилог тековна состојба издадени од Централен регистар не постара од 30 дена".

-Ова е законска одредба, друго е прашањето каков е законот. Тоа не е наше право и надлежност за коментираме. Ние сме орган за спроведување на закони и сите минати избори се спроведени според оваа одредба и истиот закон и ние како ДИК сме постапиле законито. Посебно испплатата на медиумите, се работи за многу виоски износи, повеќе од 2/3 од вкупниот буџет на државата предвиден за избори се однесува за платено политичко рекламирање во медиумите, што имаат право да го користат партиите и ние како ДИК сме подлежни на ревизија после секои избори и не сме имале буквално никакви забелешки околу основите за регистрација на медиумите, изјави Кондарко.

Според Кондарко не значи по автоматизам дека сите регистрирани медиуми што ги исполнуваат условите ќе добијат средства, нагласувајќи дека право за тоа каде и за кои износи ќе се рекламираат според закон имаат политичките партии и другите учесници на изборите на кои им следува правото на платено политичко рекламирање.

Тагови: ДИК

Бидете информирани следете не на Facebook

СВЕТ

НАТО го поздрави мировниот договор меѓу Ерменија и Азербејџан

НАТО го поздрави мировниот договор меѓу Ерменија и Азербејџан, кој претставниците на двете земји го потпишаа во Вашингтон, под покровителство на САД.

Прегледи:
240

Објавил:
Administrator

09 август 2025, 19:40

Сподели
Сподели

„Го поздравуваме напредокот кон мир меѓу Ерменија и Азербејџан и му се заблагодаруваме на американскиот претседател Доналд Трамп за неговата инвестиција во мирот. Ова е значаен чекор напред", изјави портпаролката на НАТО, Алисон Харт, на X.

Мировниот договор го потпишаа претседателот на Азербејџан, Илхам Алиев, и премиерот на Ерменија, Никол Пашињан, со што се стави крај на етничкиот конфликт во кој двете земји се наоѓаа од 1990-тите.

Тагови: Азербејџан Ерменија НАТО

Бидете информирани следете не на Facebook